Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола
Примено 10.06.2016
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
01-353/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 12-16/12
09.06. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 10. седница одржана на 27.05.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Информатички науки и комуникациско инженерство" втор циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Информатички науки и комуникациско инженерство" втор циклус студии на Факултет за информатички и комуникациски технологии при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по информатички науки и комуникациско инженерство,** Научно - истражувачко подрачје: Природно математички науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Техничко - технолошки науки, Компјутерска техника и информатика, научно - истражувачка област: 11000 - 11010, 21200 - 21207.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за информатички и комуникациски технологии, втор циклус циклус студиска програма „Информатички науки и комуникациско инженерство“, на 29.01.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 6 седница, одржана на 08.02.2016 година, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 10. седница одржана на 27.05.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков